Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2019 година

**Скопје, декември 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2019 година**

Седницата започна во 11:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствува и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Арафат Муареми, директор на Управата за финансиска полиција.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членот на Владата на Република Северна Македонија Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

- Информација за формирање на меѓудржавен Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

1. Предлог-закон за надворешни работи

2. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве стрекчерс“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука

3. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве екстружонс“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука

4. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и услуги „Кесслер Македонија“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука

5. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер Скопје“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука

6. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид, со текст на Договор

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали

8. Барање за донесување на одлука за отстапување на 590.000 литри килограми мазут М-1 од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

9. Годишен извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасишта за 2017 година, со Предлог-одлука

10. Годишен извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасиштата за 2018 година и Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година, со Предлог-одлука

11. Решенија за отстапување на одземени предмети (вкупно 8 моторни возила, со предлог-одлуки

12. Информација за дообезбедување на средства за изградба на 6 пливачки базени

13. Информација за примена на правното средство ДИПЛОМАТСКА ЗАШТИТА, во врска со остварувањето на побарувањето утврдено со правосилна Пресуда VI. ТС.бр.1415/08 од 14.12.2010 година на Основен суд Скопје II Скопје
14. Информација за состојбата и тековни и идни активности во ДПППН 11 Октомври-Еурокомпозит АД Прилеп

15. Барање на исплаќање на инвестиција за изграден деловен објект на КП бр. 6408 во КО Струмица за потребите на Државниот универзитет „Гоце Делчев"-Штип

16. Информација со барање на насоки за постапување со финансиските средства обезбедени по пат на продажба на деловен простор во државна сопственост, спроведена од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје

17. Барање за финансирање на изградба на училишна спортска сала во ПОУ Димитар Поп Георгиев Беровски – Хром

**б) економски систем и тековна економска политика**

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за занаетчиство

19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност

20. Предлог-закон за изменување на Законот за индустриската сопственост

21. Предлог-уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства

22. Информација со предлог мерки за подобрување на деловното окружување согласно извештајот „Doing Business 2020" на Светска банка

23. Информација за начин на измирување на остатокот на долг на општините кон Министерството за финансии по основ на користени кредити склучени помеѓу Република Македонија и Европска банка за обнова и развој и Поддоговорот за кредит (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од 27.12.2000 година врз основа на Договорот за заем (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од 22.09.2000 година и Амандманот бр.1 кон Договорот за заем (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од 7.12.2004 година

24. Информација за доставено барање за регулирање на доспеани неизмирени обврски со воспоставување на нови кредитни услови од страна на „11 Октомври – Еурокомпозит" АД Прилеп по основ на одобрени позајмици од Буџетот на Република Македонија за 2013 година

25. Информација за Проектот за поврзување на локални патишта финансиран со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта, со Предлог-одлука

26. Предлог-одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020 – 2022 година

27. Информација за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, со Предлог-одлука

28. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп

29. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп

30. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување на договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со текст на Договор

31. Информација во врска со реализација на инфраструктурни проекти финансирани од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Марена, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука
33. Информација за добивање согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор по Јавен повик 01/2019 од 17.9.2019 година, со Предлог-одлуки

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог одлука

35. Информација во врска со Акциското фише - Локална и регионална конкурентност во областа на туризмот ИПА 2, 2014 година (период на спроведување 2015-2020 година)

36. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори со состојба на активностите преземени до крај на 2019 година

37. Информација за спроведување на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година

38. Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Уставен суд на Република Северна Македонија

**в) политички систем**

39. Предлог-закон за ратификација на Северноатлантскиот договор

40. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XIII“, во Сојузна Република Германија

41. Информација со предлог за разгледување и одобрување на формирање на интер-ресорска работна група за подготвување на национална програма/план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), со Предлог-одлука и Предлог-решение
42. Информација во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2018 година, од страна на органите на државната управа опфатени во истиот

43. Барање на Хадхум Абдулсалам Али Даби за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

44. Барање на Џуд Амир Салим Амир за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

45. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип

46. Информација за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги „Солидис хербал“ ДООЕЛ Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

47. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик

48. Информација за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на движен и недвижен имот од Анексот А на Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог-решение

49. Информацијата во врска со реализацијата на Проектот - Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

50. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Центар

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Кочани

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Велес

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### г) предлози по кои Владата дава мислење

#### (а) по барање на Собранието на Република Македонија

58. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

59. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

60. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Самка Ибраимовски

#### (б) по барање на органи, организации и други правни лица

61. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.96617 за КО Центар 1 на КП бр.8692 дел 1, КП бр.8692 дел 2 викано место/улица 171 и Имотен лист бр.8282 за КО Центар 1 на КП бр.8692 дел 11 викано место/улица 171

62. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8079 за КО Ресен на КП бр.3981 дел 2 викано место/улица Наум Василевски и Имотен лист бр.8053 за КО Ресен на КП бр.3981 дел 1 улица Наум Василевски

63. Понуда на нотар Станка Горичин од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1645 за КО Охрид 4 на КП бр.1594, место викано Трново

64. Понуда од нотар Нита Џафери - Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101711/ за КО Тетово 1 на КП бр 2990 викано место/улица „ЈНА“ и Имотен лист бр. 101712 за КО Тетово 1 на КП бр. 2990 викано место/улица „ЈНА“ бр. 122

65. Известување од извршител Снежана Андреевска за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И бр.1160/18

**д) други предлози**

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

68. Информација во врска со реализација на активностите (постапување по исходите) кои произлегуваат од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година

69. Извештај за работа на Инспекциски совет и Информација за работа на инспекциските служби за трет квартал за 2019 година

70. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје за период 1.1.2018 година - 31.3.2018 година
71. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје за период од 1.4.2018 до 30.6.2018 година

72. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје за период од 1.7.2018 до 30.9.2018 година

73. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје за период од 1.10.2018 до 31.12.2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

74. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска полиција, по скратена постапка

75. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам

76. Предлог-одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

77. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Горна Враштица, КО Долна Враштица, КО Брест, Општина Радовиш и Општина Штип, со Предлог-одлука

78. Информација за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука

79. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Железници на Република Северна Македонија „Транспорт“ АД – Скопје

80. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2019 година

81. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

82. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало „Фрст медикал канабис" увоз – извоз ДООЕЛ – Битола за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

83. Информација во врска со Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба бр.02-13138/2 од 27.12.2019 година, со Предлог-одлука

84. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на Детска градинка во Општина Гостивар

85. Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година.

86. Информација за преземање на активности за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа, со предлог-одлуки

87. Информација за промена на динамика на обврските од склучен Договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово

88. Информација за Ревидирана програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022, со текст на Ревидирана програма

89. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за доградба на детска градинка Детелинка во Општина Ѓорче Петров

90. Информација за полугодишен извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, со усогласен текст на „Полугодишниот извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција

91. Предлог-закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица, по скратена постапка

92. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка

93. Предлог-закон за остварување на јавниот интерес во културата

94. Информација за овластување за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии, Министерството за информатичко

општество и администрација и Мастеркард Јуроп СА (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија, со Меморандум за разбирање.

95. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија

96. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на детска градинка во село Ангелци, Општина Василево

97. Предлог-одлука за висината и начинот на дополнително усогласување на пензиите за 2020 година

98. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2019 година

99. Предлог-закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

100. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир

101. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година

102. Предлог-закон за установите за средно образование на верските заедници

103. Предлог-уредба за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2020 година

104. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година

105. Предлог-одлука за утврдување и уплатување на дел од износот на платената акциза на енергенти

106. Информација со Акциски план за спроведување на препораките содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерството за информатичко општество и администрација-сметка на основен буџет (637)

107. Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Могила

108. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година

109. Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување,

одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија

110. Информација за потребата од давање овластување за склучување на нов Колективен договор за култура

111. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Сопиште

112. Информација за задолжување на Општина Пробиштип кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со Предлог-одлука

113. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување

114. Информација за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Лозово, со Предлог-одлука

115. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

116. Годишен извештај за работењето на НКТ за недискриминација

117. Предлог-законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, по скратена постапка

118. Информација за потпишување Протокол на Деветтата седница на Меѓувладината руско - македонска комисија за трговско - економска и научно - техничка соработка

119. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово и Предлог-одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово

120. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал – пресуди од даночни и царински спорови"

121. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за доградба на Детска градинка „Детска радост" - Клон 2 во Струмица

122. Барање за склучување на Анекс кон Договор ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу

Железници на Република Северна Македонија „Транспорт“ АД - Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со Предлог-одлуки

123. Информација за потребата од спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор за наредната седница на Влада

124. Извештај за завршената Меѓународна мисија на Републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Албанија

125. Информација - Годишен извештај за работата на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување за 2019 година, со Предлог-национална стратегија

126. Предлог-програма за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог одлука

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Министерството за надворешни работи да достави информација за новите преземени активности за реализација на Преспанскиот договор.

- **Информација за формирање на меѓудржавен Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на меѓудржавен Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, со Предлог-решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Не го донесе Решението за определување на паричен надоместок на членовите на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и неговиот Секретаријат.

2 Формира Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

3. Се задолжува претседателот на Националната Комисија за УНЕСКО министерот без ресор, Едмонд Адеми, во соработка со претставниците на Комитетот и Секретаријатот, да ги одредат приоритетите на Република Северна Македонија за работата на Комитетот.

4. Институциите кои номинирале свој претставник на Комитетот се одговорни за трошоците кои произлегуваат од работата на истите.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за надворешни работи и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за надворешни работи предлагачот да го усогласи со Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерство за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за надворешни работи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Билјана Стефановска - Сековска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве стрекчерс" ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве стрекчерс" ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве екстружонс' ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Дура аутомотиве екстружонс" ДООЕЛ Илинден - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и услуги „Кесслер Македонија" ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и услуги „КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Илинден- корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги „Гересхајмер" Скопје ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „Гересхајмер" Скопје ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Охрид, со текст на Договор, ја усвои Информацијата и го овласти Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на

Република Северна Македонија да го потпише Договорот за доделување на државна помош на корисникот на државна помош - Друштво за производство и трговија „КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Охрид.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали, со заклучок предлагачот да постапи согласно Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 590.000 литри килограми мазут М-1 од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија „Транспорт" АД - Скопје, со Предлог-одлука заклучи, Министерството за одбрана да ја разгледа можноста позајмицата на мазут М-1 доделена од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати наместо да ја врати назад во резервоарите на ОКТА, истата да ја предаде директно на Железници на Република Северна Македонија „Транспорт" АД-Скопје.

**Точка 9**

Владата по Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасишта за 2017 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасишта за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 10**

Владата по Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасиштата за 2018 година и Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Го разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за стопанисување со пасиштата за 2018 година, како материјал за информирање.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 8 моторни возила, со предлог-одлуки за давање согласност и Предлог-одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање согласност ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. – Скопје (пмв Лада Нива).

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. – Скопје (тмв Мерцедес).

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар (пмв Опел Астра).

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Дебар (пмв Џип Чероки).

5. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Демир Хисар (пмв Фолксваген Голф 4).

6. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Карпош (пмв Опел Мерива).

7. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државна изборна комисија (пмв Ранге Ровер евокуе).

8. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Центар Жупа (пмв Мерцедс Вито).

9. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за локална самоуправа (трактор со приколка ИМТ 539).

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за дообезбедување на средства за изградба на 6 пливачки базени и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт дополнителните средства во висина од 44.047.000,00 денари (од кои средствата за 2020 година се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година) за 2021 година, 2022 година и 2023 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2021 година, 2022 година и 2023 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, 2022 година и 2023 година.

2. Се предвидува следната динамика на плаќање по години:

- 2020 година 55.000.000,00 денари,
- 2021 година 55.000.000,00 денари,
- 2022 година 60.000.000,00 денари,
- 2023 година 74.047.000,00 денари.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на правното средство ДИПЛОМАТСКА ЗАШТИТА, во врска со остварувањето на побарувањето утврдено со правосилна Пресуда VI. ТС.бр.1415/08 од 14.12.2010 година на Основен суд Скопје II Скопје и ја усвои со следните заклучоци;

1. Се задолжува Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид, во стечајниот предмет СТ-60/16 што се води пред Основниот суд во Охрид против стечајниот должник ЕМО АД ОХРИД (во стечај), да поднесе предлог за разрешување на стечајниот управник Коле Волчески.

2. Се задолжува д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, да води преговори за склучување договор за вложување на правното средство ДИПЛОМАТСКА ЗАШТИТА кон Република Србија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и тековни и идни активности во ДПППН „11 Октомври-Еурокомпозит“ АД Прилеп, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи на некоја од наредните седници во јануари 2020 година Кабинетот за заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да номинира претставник во ДПППН „11 Октомври-Еурокомпозит" АД Прилеп.

**Точка 15**

Владата по Барањето на исплаќање на инвестиција за изграден деловен објект на КП бр. 6408 во КО Струмица за потребите на Државниот Универзитет „Гоце Делчев"-Штип заклучи, Министерството за образование и наука да ги исплати потребните финансиски средства во износ од 4.476.027,00 денари (разлика во износите на проценетата вредност на објектот согласно Процена СВ V – 279/19 што „Агроефодија" ДООЕЛ Струмица го изгради за потребите на Државниот универзитет Гоце Делчев – Штип (9.502.059,00 денари) и долгот за закуп за користење на деловен простор по основ на Договорот за деловно-техничка соработка што „Агроефодија" ДООЕЛ Струмица треба да го исплати согласно Пресуда Пл1-ТС- 155/15 во вкупен износ од 5.026.032,00 денари).

**Точка 16**

Владата по Информацијата со барање на насоки за постапување со финансиските средства обезбедени по пат на продажба на деловен простор во државна сопственост, спроведена од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост– Скопје заклучи да се изнајде начин во 2020 година, средствата кои се на располагање на посебната сметка да се употребат за Охридското Езеро (за колекторскиот систем, исплата на стари долгови, исполнување на Програмата согласно УНЕСКО и сл.).

**Точка 17**

Владата го разгледа Барањето за финансирање на изградба на училишна спортска сала во ПОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" - Хром и заклучи дека во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година нема финансиски средства за изградба на училишна спортска сала во ПОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" - Хром, а ќе се разгледа можноста за обезбедување на потребните финансиски средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за занаетчиство, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Беким Хаџиу, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 20**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за индустриската сопственост (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Сафет Емрули, директор на Државен завод за индустриска сопственост.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог мерки за подобрување на деловното окружување согласно извештајот „Doing Business 2020" на Светска банка и ја усвои со следниве заклучоци:

Започнување на бизнис

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија до крајот на февруари 2020 година да подготви и до Владата да достави информација со Акциски план на активности и рокови за реализација со цел пуштање во употреба на електронската платформа за регистрирање на фирма, регистрација за ДДВ цели и регистрирање на вработени, како и да се извести за потребата за подготвување на нови законски измени во насока на операционализација на оваа електронска платформа.
2. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Клириншката куќа КИБС АД Скопје до крајот на март 2020 година, да подготви и до Владата да достави информација за техничките можности и начини за активирање на банкарска сметка која се отвора при упис/отворање на фирма согласно Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. Дополнително, доколку институциите утврдат дека не постои можност за активирање на банкарската сметка при упис/отворање на фирма, потребно е Министерството за економија во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија да разгледа и извести за можноста за изменување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица во насока на укинување на потребата за доставување на банкарска сметка при уписот во трговскиот регистар.

3. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија почнувајќи од 1 февруари 2020 година континуирано да презема активности за промовирање на можноста физичките лица електронски да вршат регистрација на фирма преку системот за е-регистрација со користење на дигитален сертификат, имајќи во предвид дека оваа можност не се користи во пракса бидејќи јавноста не е доволно запознаена, и да ја извести Владата за степенот на искористеноста на оваа можност, најдоцна до крајот на март 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии-Управата за јавни приходи да подготви и до Владата да достави информација за можноста за намалување на рокот за подготвување на решение за данокот на додадена вредност преку дефинирање на параметри со кои ќе се процени ризикот на основачите/лицата кои отвораат фирми со цел доколку ризикот е низок веднаш да се издаде решение за ДДВ обврзник, а во спротивно да се спроведе инспекција или проверка во рамки на законски утврдениот рок за издавање на решение, најдоцна до крајот на февруари 2020 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за работни односи во насока на исклучување/елиминирање на обврската за објава на оглас за првите вработувања во

новоформирани трговски друштва (ТП, ДОО и ДООЕЛ) во системот на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, до крајот на февруари 2020 година.

Добивање на градежни дозволи

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија-ЗЕЛС до крајот на февруари 2020 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за целосно укинување на надоместокот за уредување на градежно земјиште за градби со намена лесна индустрија (производство, дистрибуција и услуги, магацини, стоваришта и сл).

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија-ЗЕЛС до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави Информација со анализа на можноста за намалување на останатите трошоци за добивање на градежни дозволи, согласно мерењата на извештајот Doing Business 2020.

8. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Министерството за финансии до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави Информација за можноста за изготвување на законски измени согласно кои правните лица кои според закон се одговорни за структурни недостатоци или проблеми во објектот откако ќе биде пуштен во употреба (инвеститор, правни лица за проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата), да бидат законски обврзани да обезбедат осигурување од латентни/прикриени дефекти или за десетгодишна осигурителна полиса за објектот откако ќе биде пуштен во употреба.

9. Се препорачува на ЈП „Водовод и канализација" –Скопје да подготви и достави известување до Министерството за финансии за можноста за електронско поднесување и плаќање на хидротехнички услови од страна на барателот преку нивната веб страна со последни расположливи податоци за искористеноста на овој начин во споредба со можноста за шалтерско поднесување, како и за можноста за намалување на надоместокот за добивање на хидротехнички услови, до крајот на март 2020 година.

Пристап до електрична енергија

10. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Регулаторна комисија за енергетика и ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на мрежните правила за дистрибуција во насока на изменување на минималното времетраење на прекините од 3 на 5 минути и како истото би се одразило врз мерењето на индикаторите SAIFI и SAIDI во делот на индикаторот Пристап до електрична енергија, до крајот на март 2020 година.

Регистрирање на имот

11. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за скратување на рокот за подготвување на решение за утврдување на данокот на промет на недвижности, и истото да се земе во предвид при првите наредни измени на Законот за даноците на имот.

12. Се препорачува на Град Скопје да подготви процедури за работа или Правилник за работа со дефинирани активности и рокови за работа при постапките за изготвување на решенија за данок на промет на недвижности, до 15 март 2020 година.

13. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Град Скопје и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија–ЗЕЛС да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот во делот на начинот и елементите на проценка на вредноста на недвижниот имот, до 15 март 2020 година.

14. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да подготви и до Владата да достави Акциски план со предлог активности за подобрување на состојбите во делот на Индексот на квалитет на администрацијата која управува со земјиштето во рамки на индикаторот Регистрирање имот, за прашањата за кои земјата е негативно оценета, до крајот на февруари 2020 година.

Пристап до кредити

15. Се задолжува Министерството за економија при подготвување на новиот Закон за стечај да ги земе во предвид укажувањата и препораките од извештајот Doing Business на Светска банка, кои се однесуваат на дефинирање временски период кога може да бидат стопирани сите активности на доверителите за наплата на побарувањата од должникот во постапка на реорганизација и да се овозможи пристап на доверителите до информации во врска со финансиската состојба на должникот во текот на стечајната постапка.

16. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија да формира работна група со претставници од Министерството за финансии и Министерството за правда, со цел да изврши анализа на искуствата на европските земји (Романија, Унгарија, БиХ, Црна Гора и др) и најдобрите светски практики (Нов Зеланд, Канада, Австралија, Азербејџан и др) во кои е воспоставен и функционира регистар врз основа на пријава (Notice based registry, регистар на залог врз подвижни ствари). Согласно анализата и најдобрите практики, потребно е работната група да ја утврди можноста за воспоставување на ваков тип регистар во земјата и да ја извести Владата за истото, до крајот на март 2020 година.

17. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави измени и дополнување на Тарифата на Централниот регистар во насока на утврдување на надоместокот на услуги за упис и промени во заложниот регистар во смисла електронскиот начин и услуги да се поевтини и подостапни во споредба со хартиените услуги и да се користат како поприфатлива и поисплатлива можност.

18. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија до крајот на март 2020 година да оствари средби со Нотарска комора на Република Северна Македонија заради потребата за почесто користење на електронскиот начин за поднесување на пријавите за упис и промени во заложниот регистар, и преземање на активности за промовирање на on line можностите на заложниот регистар. За истото, да подготви и достави информација до Владата до крајот на март 2020 година.

19. Се препорачува на Македонско кредитно биро да подготви и достави до Министерството за финансии Известување за причините за неизготвување на кредитни оценки согласно последните измени на Законот за кредитно биро со Акциски план на активности во насока на започнување на изготвување на кредитни оценки за барателите/корисниците, до крајот на март 2020 година.

Заштита на малцински инвеститори

20. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Министерство за финансии, Министерство за правда и Комисијата за хартии од вредност, која ќе изготви измени на Законот за трговските друштва и до крајот на февруари 2020 година ќе ги достави до Владата, во насока заинтересираната страна на чија иницијатива е склучена зделката, да го врати профитот остварен од штетната трансакција, доуредување на одредбите за обелоденување на информации за членовите на органите на управување за нивна ангажираност во органи на управување во други компании и изменување на одредбата за стапување во сила на членот од законот кој се однесува на правото на првенство на акционерите при запишување новоиздадени акции и други хартии од вредност.

21.Се задолжува Министерството за правда до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за парнична постапка во насока на доуредување на одредбите со кои се овозможува добивање на бараните документи/докази кои се наоѓаат кај другата странка или кај трето лице.

Плаќање даноци

22. Се задолжува Министерството за финансии-Управата за јавни приходи до крајот на февруари 2020 година да подготви и до Владата да достави информација со Акциски план на активности за воведување на системи и алатки за автоматска контрола на валидност на даночното побарување и повратот на средства по основ на ДДВ.

23. Се задолжува Министерството за финансии-Управата за јавни приходи до 15 март 2020 година да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на активностите од Акцискиот план за намалување на потребното време за плаќање даноци и подобрување на поените кај индексот за мерење на постапката за поврат на ДДВ и контрола и ревизија на данокот на добивка (Postfilling индекс).

24. Се задолжува Министерството за финансии-Управата за јавни приходи до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на активностите за имплементација на електронскиот систем за евалуација на ризик со податоци за последно извршени контроли и инспекции, согласно системот за евалуација на ризик.

Прекугранично тргување

25. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на мерките за подобрување на состојбите кај индикаторот Прекугранично тргување.

Спроведување договори

26. Се задолжува Министерството за правда до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави информација со Акциски план на активности и рокови за нивна реализација со цел подобрување на состојбите во делот на Индексот кој го мери квалитетот на судските постапки, за прашањата за кои земјата е негативно оценета.

27. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Основниот граѓански суд Скопје до крајот на март 2020 година да подготви и до Владата да достави информација со анализа за времетраењето на судските постапки за спорови од мала вредност и да ја разгледа можноста за изменување на Закон за парнична постапка во насока на определување на максимален рок за времетраењето на споровите од мала вредност преку ограничување на периодот на чекање помеѓу рочиштата.

Спроведување јавни набавки

28. Се задолжува Бирото за јавни набавки во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта да подготви и до Владата да достави информација за методологијата, мерењата и констатираните состојби кај новиот индикатор Спроведување јавни набавки со предлог мерки за подобрување на состојбите кај овој индикатор согласно мерењата на Светска банка, најдоцна до крајот на март 2020 година.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за начин на измирување на остатокот на долг на општините кон Министерството за финансии по основ на користени кредити склучени помеѓу Република Македонија и Европска банка за обнова и развој и Поддоговорот за кредит (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од 27.12.2000 година врз основа на Договорот за заем (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од 22.09.2000 година и Амандманот бр.1 кон Договорот за заем (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од 7.12.2004 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии во согласност со член 6 став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската банка за обнова и развој по договорот за проектот „Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга" („Службен весник на Република Македонија" бр.107/00 и 114/09), во рок од 15 дена, да изврши репрограмирање на достасаните обврски по основ на кои извршило плаќање и кои можат да бидат предмет на репрограм, со рок на отплата од 36 месечни рати и пресметка на редовна камата, во висина на есконтната (референтна каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија).

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено барање за регулирање на доспеани неизмирени обврски со воспоставување на нови кредитни услови од страна на „11 Октомври – Еурокомпозит" АД Прилеп по основ на одобрени позајмици од Буџетот на Република Македонија за 2013 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во рок од 30 дена да склучи Договор за регулирање на долг со „11 Октомври-Еурокомпозит" АД Прилеп со кој долгот во износ од 15.746.946,00 денари по основ на главница и законска казнена камата пресметана на тој износ од 1.1.2014 година до денот на склучување на Договорот, ќе се репрограмира со воспоставување на нови кредитни услови со рок на враќање од 36 месеци, на 36 месечни рати, без пресметка на редовна камата доколку истите ги измируваат обврските во роковите на доспеаност, во спротивно да се пресметува законска казнена камата.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за Проектот за поврзување на локални патишта финансиран со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за алоцирање на средства од договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта", која предлагачот ќе ја усогласи согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство, односно да се наведе законскиот основ за донесување на истата (член од Законот за Владата на Република Македонија, член од Законот за задолжување на Владата на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка и член од Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта).

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи со активностите за реализација на Проектот за поврзување на локални патишта и навремено да ја информира за текот на спроведување на истите.

**Точка 26**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници (најнов текст), во предложениот текст.

2. Го прифати најновиот текст на Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020 – 2022 година.

3. Го определи м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од трошоците при давање на услугата, за период 2020 – 2022 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води", со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води".

**Точка 28**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот со законодавство.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп и ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот со законодавство.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување на договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба, со текст на Договор и условно ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен.

**Точка 31**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата во врска со реализација на инфраструктурни проекти финансирани од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и ја задолжи Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во координација со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да преземе активности со цел завршување на постапките со имплементација на оваа мерка и покрај предвиденото решение во Програмата за спроведување на постапките од страна на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 32**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Марена, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Марена, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор по Јавен повик 01/2019 од 17.9.2019 година, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (Друштвото за производство, трговија и услуги МАГАН-МАК ДОО Експорт-импорт Скопје), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (Друштвото за производство, трговија и услуги ОРАНЖЕРИИ ДОБРА ДОО Кочани), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во

функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (Друштвото за производство, трговија и услуги ДЕНА ПРОДУКТ ДООЕЛ Валандово), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласноста за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Акциското фише - Локална и регионална конкурентност во областа на туризмот ИПА 2, 2014 година (период на спроведување 2015-2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори со состојба на активностите преземени до крај на 2019 година, ја усвои Информацијата и заклучи на првата седница на преодната Влада да се номинира лице задолжено за арбитражните постапки.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Уставен суд на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Северноатлантскиот договор и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 3 од Предлог-законот во делот каде што се наведени Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана, да се дополни со „на Република Северна Македонија“.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за ратификација на Северноатлантскиот договор, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Дејан Велковски, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XIII“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за разгледување и одобрување на формирање на интер-ресорска работна група за подготвување на национална програма/план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на интер-ресорска работна група за подготвување на национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства ( жени и деца), со заклучок предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Центарот за јавно здравје, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за водење на матичните книги, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Агенцијата за млади и спорт, Националниот координативен центар за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Прифатниот центар за баратели на азил и Црвениот крст на Република Северна Македонија во координација со Националниот координатор за СНЕ/БПТ, да номинираат еден член и еден заменик член на интер-ресорска работна група за подготвување на национална програма/план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца).

Предлог-решението да се разгледа на наредната седница на Владата, откако истото ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2018 година, од страна на органите на државната управа опфатени во истиот (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација во рок од три дена до Владата да достават Известување за спроведување на препораките од Народниот правобранител.

2. Се укажува на Град Скопје, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Советот на јавни обвинители, Комората на извршители и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во рок од три дена до Владата да достават Известување за спроведување на препораките од Народниот правобранител.

3. Информацијата во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2018 година, од страна на органите на државната управа опфатени во истиот согласно член 36 став 4 од Законот за Народниот правобранител, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

### Точка 43

Владата го разгледа Барањето на Хадхум Абдулсалам Али Даби за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за економија утврди позитивно мислење по Барањето.

### Точка 44

Владата го разгледа Барањето на Џуд Амир Салим Амир за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за економија утврди позитивно мислење по Барањето.

### Точка 45

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:
1. Даде согласност за преземање на буџетски обврски во програмите опфатени во развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за здравство, заради склучување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, во вкупна вредност од 430.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 80.000.000,00 денари без ДДВ, во 2020 година и
- 350.500.000,00 денари без ДДВ, во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства заради склучување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

Се задолжува Министерството за здравство да ја склучи Варијацијата по добивање на претходно одобрување (No Objection) од Банката за развој на Советот на Европа (кредиторот), а во согласност со Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по рамковниот договор за заем за финансирање на проектот за изградба и модернизација на Клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и Регионалната клиничка болница во Штип („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2015) и Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по рамковниот договор за заем за финансирање на проектот за изградба и модернизација на Клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и Регионалната клиничка болница во Штип („Службен весник на Република Македонија бр.198/2018) и точка 4.1.3 од Рамковниот Договор за заем склучен помеѓу кредиторот и Министерството за финансии бр.15-10509/1 од 10.7.2015.

### Точка 46

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги „Солидис хербал“ ДООЕЛ Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги „Солидис хербал“ ДООЕЛ Струмица.

### Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на градоначалниците на општините да го свикаат Советот на општината и да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација на 450 деца Роми, на возраст од 3-6 години (во Општина Берово во градинка „23 Август" за 25 деца, во Општина Битола во градинка „Естреја Овадија Мара" за 30 деца, во Општина Виница во градинка „Гоце Делчев" за 25 деца, во Општина Прилеп во градинка „Наша Иднина" за 30 деца, во Општина Штип во градинка „Астибо" за 35 деца, во Општина Чаир во градинка „Снежана" за 30 деца, во Општина Карпош во градинка „Пролет" за 15 деца, во Општина Делчево во градинка во „Весели цветови" за 20 деца, во Општина Кичево во градинка „Олга Мицевска" за 20 деца, во Општина Кочани во градинка „Павлина Вељанова" за 30 деца, во Општина Куманово за градинка „Анѓел Шајче" за 30 деца, во Општина Велес во градинка „Димче Мирчев" за 20 деца, во Општина Гази Баба во градинка „25 Мај" за 25 деца, во Општина Пехчево во градинка „7 - ми Септември" за 20 деца, во Општина Дебар во градинка „Брешиа" за 15 деца, во Општина Центар во градинка „Р.Ј.Корчагин" 20 деца, во Општина Гостивар во градинка „Детска Радост" за 30 деца и во Општина Тетово во градинка „Младост" за 30 деца) за деца што се во социјален ризик -деца Роми чииишто родители се корисници на правото на Гарантирана Минимална Помош (ГМП) и деца Роми сместени во згрижувачки семејства), за престој во детските градинки за период од 1.1.2020 до 31.8.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во јуни 2020 година да ја информира Владата за имплементација на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование".

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на движен и недвижен имот од Анексот А на Спогодбата за прашањата за сукцесија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на движен и недвижен имот од Анексот А на Спогодбата за прашањата на сукцесија, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со реализацијата на Проектот - Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Центар (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Кочани (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Велес (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи.

Имајќи ја предвид оваа уставна одредба предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка е поднесен од овластен предлагач.

Со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита се предлага поефикасен и покомпактен систем на спроведувањето на специјализациите и супспецијализациите. Всушност, со бришењето на одделни одредби од Законот со кои се уредува видео снимањето на испитите, користењето на стручната литература, обуката на специјализантите во странство, базите на прашања и условите за специјалистичкиот кадар под чиј надзор се полагаат стручниот и/или специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит ќе се обезбеди поефикасен систем на спроведување на специјализациите и супспецијализациите. Овој начин на спроведување на специјализациите бил практично неспроведлив, како што се наведува и во самиот Предлог-закон заради ограничените финансиски, технички и човечки ресурси кои биле и се потребни за спроведување на специјализациите и супспецијализациите на високообразовните установи.

Со предложените одредби со кои се создаваат услови за вработување, односно трансформирање на работниот однос на неопределено време на специјализантите што добиле кофинансирана специјализација во јавната здравствена установа за која се пријавиле за специјализација, односно супспецијализација, ќе се обезбеди соодветен специјалистички кадар во јавните здравствени установи.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија го поддржува донесувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, предложен од група пратеници со укажување реализацијата на Предлог-законот да биде во рамките на предвидените буџети на соодветните здравствени установи.

**Точка 59**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и Ве известува дека нема забелешки по истиот.

## Точка 60

Владата го разгледа Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Самка Ибраимовски и притоа го утврди следново мислење:

**6.**Владата по Барањето на Агенцијата за млади и спорт, преостанатите средства од Програмата 2 – Спорт, подпрограма 2А - Спортски објекти, ставка 482 - Други градежни објекти во Буџетот на Агенцијата за млади и спорт, да се префрлат на Општина Карпош на посебна наменска сметка за реновирање и доизградба на сала „Партизан", заклучи Министерството за финансии во соработка со Агенцијата за млади и спорт, да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**7.** Владата по предлогот за изменување на Заклучокот од Сто седумдесет и првата седница на Владата, бр. 44-9378/1 од 16 декември 2019 година, по Информацијата во врска со инспекцискиот надзор во подружниците на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ кои имаат склучено договори за присилна концесија на дивечот, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува директорот на Државниот инспекторат за шумарство и ловство да ги повлече дадените решенија до ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“, во кои се наведуваат горе наведените услови кои што ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ не е во можност да ги исполни.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на активностите (постапување по исходите) кои произлегуваат од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Инспекциски совет и Информација за работа на инспекциските служби за трет квартал за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје за период 1.1.2018 година - 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје за период од 1.4.2018 до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје за период од 1.7.2018 до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

Притоа, Владата заклучи да се предвид негативното мислење на Министерството за финансии поради направената загуба во наведениот период.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје за период од 1.10.2018 до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска полиција, по скратена постапка, поради потреба од дополнителни усогласувања.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на

министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Блажо Трендафилов, директор на Управата за финансиско разузнавање.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Горна Враштица, КО Долна Враштица, КО Брест, Општина Радовиш и Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Горна Враштица, КО Долна Враштица, КО Брест, Општина Радовиш и Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Железници на Република Северна Македонија „Транспорт“ АД – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало „Фрст медикал канабис“ увоз – извоз ДООЕЛ – Битола за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало „Фрст медикал канабис“ увоз – извоз ДООЕЛ – Битола, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба бр.02-13138/2 од 27.12.2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на Детска градинка во Општина Гостивар и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 и 2021 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на Детска градинка во Општина Гостивар, во вкупна вредност од 31.000.000,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

-9.300.000,00 денари во 2020 година и
-21.700.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на Детска градинка во Општина Гостивар да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 и 2021 година.

3. Се укажува на потребата сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Министерството за труд и социјална политика за соодветната фискална година, додека потребните средства за идно функционирање на детските градинки да се обезбедат во рамките на обезбедените средства за блок дотации.

**Точка 85**

Владата ја донесе Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на активности за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе одлуките што Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ќе ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија веднаш да отпочне постапка за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на обврските од склучен Договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово, во вкупна вредност од 13.190.000,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 2.390.000,00 денари во 2019 година и
- 10.800.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово, да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2019 година и 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и 2020 година.

3. Се укажува на потребата сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Министерството за труд и социјална политика за соодветната фискална година, додека потребните средства за идно функционирање на детските градинки да се обезбедат во рамките на обезбедените средства за блок дотации.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидирана програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022, со текст на Ревидирана програма, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика, најдоцна во рок од 30 дена Ревидирана програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022, на англиски јазик да ја достави до Делегацијата на ЕУ преку Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за доградба на детска градинка Детелинка во Општина Ѓорче Петров и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за доградба на детска градинка Детелинка во Општина Ѓорче Петров, со плаќање по времени ситуации - месечно во период од две години, со следнава динамика на плаќање:

- 2.850.000,00 денари во 2020 година и
- 6.650.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за доградба на детска градинка Детелинка во Општина Ѓорче Петров да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

3. Се укажува на потребата сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Министерството за труд и социјална политика за соодветната фискална година, додека потребните средства за идно функционирање на детските градинки да се обезбедат во рамките на обезбедените средства за блок дотации.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за полугодишен извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, со усогласен текст на „Полугодишниот извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција", ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на „Полугодишниот извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција".

**Точка 91**

Владата го разгледа Предлог-законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Радица Лазареска - Геровска, државен советник во Министерство за правда.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Радица Лазареска - Геровска, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 93**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за остварување на јавниот интерес во културата и го утврди со следните заклучоци:
1. Членот 87 да се измени во насока работното време наместо со колективен договор, да го определува работодавачот, а согласност да дава министерот за култура.

2. Доколку има потреба и од други измени (корекции од министерствата, прифатливи од предлагачот), истите да се вградат во Предлог-законот, а Министерството за култура најдоцна до 31 декември 2019 година Предлог-законот да го достави до Владата.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за остварување на јавниот интерес во културата согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 94**

Владата не расправаше по Информацијата за овластување за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Мастеркард Јуроп СА (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија, со Меморандум за разбирање.

**Точка 95**

Владата условно ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија со заклучок:

- Во Член 1 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија да се избрише зборот хидроелектроцентрала;
- Да се дополни со нов член во кој ќе се наведе дека термоелектроцентралите на биогас или термоелектроцентралите на биомаса што биле пуштени во употреба пред 2011 година да

можат да се стекнат со статус на повластен производител и после 2011 година, ако нивната инвестиција надминува над 70% од проценетата вредност на инвестицијата и
- Да се израмни износот на повластената тарифа на биомаса и биогас од 150 на 180 евра за еден MWh.

Текстот на Уредбата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на детска градинка во село Ангелци, Општина Василево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на детска градинка во село Ангелци, Општина Василево, со плаќање по времени ситуации - месечно во период од две години, со следнава динамика на плаќање:

-3.780.000,00 денари во 2020 година и
- 8.820.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на детска градинка во село Ангелци, Општина Василево да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

3. Се укажува на потребата сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Министерството за труд и социјална политика за соодветната фискална година, додека потребните средства за идно функционирање на детските градинки да се обезбедат во рамките на обезбедените средства за блок дотации.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за висината и начинот на дополнително усогласување на пензиите за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата го разгледа Предлог-законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (нов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за труд и социјална политика текстот на Предлог-законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за правда.
2. Пречистениот текст на Предлог-законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ѓултен Мустафова, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 100

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година, 2021 година и 2022 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на детска градинка во Општина Чаир, во вкупна вредност од 149.962.954,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 22.500.000,00 денари во 2020 година
- 60.000.000,00 денари во 2021 година и
- 67.462.954,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на детска градинка во Општина Чаир да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година, 2021 година и 2022 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

3. Се укажува на потребата сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Министерството за труд и социјална политика за соодветната фискална година, додека потребните средства за идно функционирање на детските градинки да се обезбедат во рамките на обезбедените средства за блок дотации.

## Точка 101

Владата го разгледа и го прифати Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година (нов текст).

## Точка 102

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за установите за средно образование на верските заедници, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 103

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 104

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 105

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување и уплатување на дел од износот на платената акциза на енергенти и ја донесе Одлуката со заклучок претходно истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство (усогласување со Законот за акцизи, процентот итн.).

## Точка 106

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за спроведување на препораките содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерството за информатичко општество и администрација-сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Могила, во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 109**

Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање овластување за склучување на нов Колективен договор за култура, ја усвои Информацијата и го овласти министерот за култура, Хусни Исмаили, согласно член 218 став (1) од Законот за работните односи, да го склучи новиот Колективен договор за културата во име на Министерството за култура.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Сопиште и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на Детска градинка во Општина Сопиште, во вкупна вредност од 19.000.000,00 денари со динамика на плаќање и тоа:

-5.700.000,00 денари во 2020 година и
-13.300.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на Детска градинка во Општина Сопиште да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Пробиштип кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Пробиштип со краткорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, во предложениот текст.

## Точка 113

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување, како материјал за информирање.

## Точка 114

Владата ја разгледа Информацијата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Лозово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Лозово, во предложениот текст.

## Точка 115

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 116

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на НКТ за недискриминација и го усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, најдоцна до септември 2020 година да подготви упатство за должностите на јавниот сектор во однос на промоција на еднаквоста и недискриминацијата и да го достави до Владата.

2.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Националното координативно тело да изработи Предлог за изменување и дополнување на Кодексот за државни службеници со цел уредување на обврските на административните службеници за промоција на еднаквоста и недискриминацијата, најдоцна до септември 2020 година.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа најдоцна до 30 април 2021 година да ги усогласат законите од своја надлежност со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

4.Се задолжува Државниот завод за статистика во соработка со Националното координативно тело и Министерството за труд и социјална политика да изработат методологија за собирање на податоци согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, најдоцна до септември 2020 година и да излезе со првиот извештај најдоцна до април 2021 година.

Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го адаптира и опреми просторот на ул. „Климент Охридски" бр.15 во Скопје, на КП бр.10074, КО Центар 1, со вкупна површина од 381м2 и тоа: 134м2 на приземје, 240м2 на мезанин и 7м2 на помошни простории на мезанин, запишани во Имотен лист број 96347, сопственост на Република Македонија, најдоцна до април 2020 година.

## Точка 117

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да провери дали овој закон би предизвикал фискални импликации во Буџетот на Република Северна Македонија и до Владата да достави мислење.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Радица Лазареска - Геровска, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Протокол на Деветтата седница на Меѓувладината руско - македонска комисија за трговско - економска и научно - техничка соработка, со усогласен текст на Протокол и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот на Деветтата седница на Меѓувладината руско - македонска комисија за трговско - економска и научно - техничка соработка.

2. Се овластува Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и копретседател на Меѓувладината руско - македонска комисија за трговско - економска и научно - техничка соработка да го потпише Протоколот на Деветтата седница на Меѓувладината руско - македонска комисија за трговско - економска и научно - техничка соработка.

**Точка 119**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово и Предлог-одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, за наредната седница на Влада, поради потребата од дополнително усогласување по материјалот.

**Точка 120**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал – пресуди од даночни и царински спорови“, со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот.

**Точка 121**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за доградба на Детска градинка „Детска радост” - Клон 2 во Струмица и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за доградба на Детска градинка „Детска радост” - Клон 2 во Струмица, со плаќање по времени ситуации - месечно во период од две години, со следнава динамика на плаќање:

- 4.200.000,00 денари во 2020 година и

- 9.800.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за доградба на Детска градинка „Детска радост" - Клон 2 во Струмица да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година и 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година.

3. Се укажува на потребата сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Министерството за труд и социјална политика за соодветната фискална година, додека потребните средства за идно функционирање на детските градинки да се обезбедат во рамките на обезбедените средства за блок дотации.

**Точка 122**

Владата по Барањето за склучување на Анекс кон Договор ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со Предлог-одлуки ги донесе:

- Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст и

Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 123**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор за наредната седница на Влада

**Точка 124**

Владата по Извештајот за завршената Меѓународна мисија на Републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Албанија заклучи:

- припадниците (37) кои активно учествуваа во Меѓународната мисија во Република Албанија, после разорниот земјотрес кој го погоди Драч, Република Албанија да бидат наградени со по една просечна нето плата од сопствени средства на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 125**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата - Годишен извештај за работата на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување за 2019 година, со Предлог-национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство 2020-2025 и Акциски план за спроведување на Националната стратегија за превенција и заштита на децата од насилство 2020-2022.

Истовремено, Владата заклучи средствата потребни за реализација на Националната стратегија и Акцискиот план, министерствата и надлежните институции да ги обезбедат во рамките на сопствените буџети.

**Точка 126**

Владата по Програмата за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог одлука:

- Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст,

- Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјали за информирање.

*
*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |